


**„МИЈАЧКОТО СТАНБЕНО ГРАДИТЕЛСТВО – ПОТЕКЛО, РАЗВОЈ И ДОСТРЕЛИ“ ОД Д-Р МЕЛАНИЈА ШЕРДЕНКОВСКА**

Влијанието што го имале преселбите, како и печалбарството на Мијаците, во развојот на занаетите во јужните делови на Балканскиот Полуостров, го обработувале повеќе автори. Со цел да се добие целосна слика за нивната активност ќе бидат обработени сите центри на нивната активност поединечно.

Во Велешкиот крај е многу позната дејноста на мијачките мајстори - градители. Во втората половина на XVIII век и почетокот на XIX век, е забележано помасовно доселување на цели фамилии на Мијаците. Тие се населиле во селата Папрадиште и Ореше, села кои најмногу одговараат на карактеристиките на родното место. Меѓу преселените фамилии е и фамилијата на Сиљан Рензовски од с.Тресонче, кој е еден од првите познати мајстори кои работеле на конаците на Емин-ага. Во врска со изградбата на овие конаци постојат и народни кажувања, кои ја истакнуваат градителската вештина на мајсторите Мијаци, кои специјално биле повикани за изградбата на конакот.

Мајсторите од Велес го користеле најмногу бошкачкиот таен јазик и според народните кажувања, тој им бил непознат пред доаѓањето на Мијачките мајстори. Вистинските иницијатори за развојот на градителскиот занает во Велешкиот крај се доселените Мијаци, додека развојот на **куќата** настанува во интеракција на искуствата што ги пренесувале овие мајстори и локалните градители.

И во Охридско-Струшкиот регион познати се доселувањата на Мијаци од Река и Дебрани. Исто така е добро познато дека секогаш при изградбата на репрезентативни објекти биле повикувани мајстори од Дебарско-Реканскиот крај. Така на градбата на куќатана Робевци, работел Тодор Петков од с.Гари, а изградбата на араите на Џеладин-бег биле повикани мајстори од Река.

Во XIX век, во Битола од занаетите кои на некој начин имаат врска со градителството биле развиени дограмаџиството, каменоделството, бојаџиските занаети, резбарството, притоа носители на овие занаетчиски дејности биле печалбарите од Дебар, како и Мијаците и власите од Крушево.Во овој регион, низ Турските документи, забележана е работата на мајсторите од Дебарско. Меѓу другите се спомнува мајстор Никола од Дебар со својата тајфа. Од сите градежни тајфи во Битолско-Преспанскиот крај, најбарани биле тајфите од Смилево и Крушево, а добро познато ни е дека Смилево е населено од Мијаците а во Крушево, тие ја сочинувале половината од населението.

За развојот на градителството во Кратовско-Кривопаланечкиот регион најмногу придонеле доселувањата од Река и Дебарско.  Познато е селото Козјак во Кривопаланечкиот регион, каде што се населиле Мијаците. Според Јаранов  главните правци на преселбата на Мијаците према Ќустендил и Софија, поминувале низ овој регион. Покрај тоа, многу познати мајстори од Река и Дебарско работеле во овој крај.

И во Скопје и неговата околина многу ценети и барани биле тајфите на Мијаците. Според кажувањата на Јован Хаџи Васиљевиќ, во овој крај мајстори-ѕидари биле главно Мијаците.

Во тетовскиот крај, исто така најмногу граделе Мијаците, а и биле секогаш повикувани за изведбата на најрепрезентативните објекти. Така на изградбата на Тетовскиот конак, работел Нестор Алексиев со својот татко.

Според податоците што ги дава Анета Светиева од граѓата за историјата на македонскиот народ, можеме да констатираме дека има значителен број мајстори и нивни тајфи од Македонија, а особено од Мијачкиот крај, и од местата каде се доселувале Мијаците. Така дознаваме дека најголемиот број мајстори и тајфи во 1834 година биле од Мијачкиот крај, и тоа тајфите Рекалии дунѓери, тајфа на Коста Трпче, Маркова тајфа, тајфа на Никола Ѓорѓев, Секулина тајфа, Божина тајфа и други, вкупно 100 лица. Понатаму следат податоци за тајфи од Смилево, Крушевско, Охридско, Кривопаланечко и други, т.е. онаму каде што има доселени Мијачки фамилии. Исто така се говори за мајстор Хаџи Никола Живковиќ, чија официјална служба како надзорник на јавните градби од 1834 година им била од корист на мајсторите од Македонија.



[illegible]



**Пишува д-р Меланија Шерденковска**